# З А П И С Н И К
## од одржаната 3. седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија

Третата седница на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија се одржа на 27.02.2026 година, во Канцеларијата за млади во Гевгелија, со почеток во 11:00 часот.

На седницата присуствуваа членовите: Валентина Ангелова, Благица Ступар, Анастасија Шопова, Ангел Аевски, Кристијан Алчинов.

Претседателката Валентина Ангелова ја отвори седницата и констатира дека се исполнети условите за полноважно работење и одлучување.

За работа на седницата беше предложен и едногласно усвоен следниот

## Д Н Е В Е Н Р Е Д:

1. Избор на записничар и двајца оверувачи;
2. Усвојување на записникот од втората седница на ЛМС на ОГ;
3. Разгледување и усвојување на предлог-проект за аплицирање на повикот за организација на културни и спортски настани поддржан од Делегацијата на Европска Унија;
4. Разно.

По првата точка од дневниот ред, за записничар беше избрана Анастасија Шопова, а за оверувачи на записникот беа избрани Благица Ступар и Ангел Аевски.

По втората точка од дневниот ред, членовите на Локалниот младински совет го разгледаа Записникот од втората седница и истиот беше едногласно усвоен без забелешки.

По третата точка од дневниот ред, претседателката Валентина Ангелова го презентираше предлог-проектот со наслов „Youth Wave 2026“, подготвен за аплицирање на повикот за организација на културни и спортски настани од страна на локалните младински совети, поддржан од Делегацијата на Европската Унија, а спроведуван во рамки на проектот „Organization of Cultural Events in the Republic of North Macedonia“ од ИМИКА ДООЕЛ.

Во рамки на презентацијата беше истакнато дека проектот „Youth Wave 2026“ претставува еднодневен мултисекторски младински настан кој ќе се реализира во Националниот театар во Гевгелија и на отворениот плато-простор пред објектот, со цел поттикнување на младинското учество, кариерната ориентација и претприемачкиот дух кај младите во Општина Гевгелија.

Членовите беа запознаени дека проектот предвидува реализација на повеќе тематски содржини:

- „Youth Skills Forum 2026“ – едукативни сесии, панел-дискусии и интерактивни предавања за лидерство, комуникација и личен развој;
- „Local Success & Entrepreneurship Expo 2026“ – презентации и изложбени штандови на млади локални претприемачи и професионалци;

- „Startup & Innovation Lab 2026“ – презентации за развој на идеи, стартапи и можности за финансирање;
- „Creative Youth Stage 2026“ – настапи на млади музичари, креативни активности и интерактивни содржини.

Во дискусијата беше посочено дека проектот има за цел да обезбеди директно вмрежување и комуникација помеѓу младите и успешни локални професионалци од областа на бизнисот, ИТ-секторот, медицината, креативните индустрии и претприемништвото, како и да придонесе за задржување на младите во локалната заедница преку промоција на локални можности за професионален развој.

Членовите беа информирани дека проектот опфаќа учество на 150–300 млади лица на возраст од 15 до 29 години од Општина Гевгелија и регионот, како и вклучување на 15–20 успешни млади професионалци и претприемачи.

Во рамки на седницата беше разгледан и предложениот буџет за реализација на проектот во вкупен износ од 307.500 денари, кој вклучува техничка опрема, сценографија, промотивни материјали, надоместоци за обучувачи и говорници, фото и видео продукција, логистички трошоци и освежување за учесниците. Беше посочено дека преку повикот се бара финансиска поддршка во износ од 3.000 евра, додека дел од средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на Локалниот младински совет за 2026 година.

По спроведената дискусија, членовите на Локалниот младински совет едногласно го усвоија предлог-проектот „Youth Wave 2026“ и дадоа согласност истиот да биде поднесен на јавниот повик на Делегацијата на Европската Унија во предвидениот рок, преку електронска пошта, согласно условите на јавниот повик.

Во рамки на точката „Разно“, членовите разговараа за можностите за вклучување на дополнителни партнери и локални чинители во реализацијата на проектните активности доколку проектот биде одобрен.

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен, претседателката ја затвори седницата во 12:20 часот.

19-290/7
03.04.2026 г.
Гевгелија

**Претседател**
**на ЛМС на ОГ,**

Валентина Ангелова
с.р.

Записничар,
Анастасија Шопова, с.р.

Оверувачи на Записникот,
1. Ангел Аевски, с.р.
2. Благица Ступар, с.р.